**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.66**

**И.бр. 117/2021**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993261735 и ЕМБС 4558669 и седиште на ул. Орце Николов бр. 54, (правен следбеник на Охридска Банка АД Скопје-доверител по извршна исправа) засновано на извршната исправа Нотарски Акт ОДУ бр. 2583/18 од 13.11.2018 година на Нотар Зафир Хаџи-Зафиров, против должниците: трасант/ акцептант Друштво за производство, трговија и услуги ЈАНТАР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје од Скопје со ЕМБС 6739164 и седиште на ул.14 бр.88, Бардовци и авалист Елена Димитрова од Скопје со живеалиште на ул.14 бр.88 Бардовци, за спроведување на извршување во вредност 3.390.396,00 денари на ден 09.08.2023 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
# ЗА ТРЕТА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
## (врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ТРЕТА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: земјиште под зграда, нива, помошни површини и станбена куќа, запишана во имотен лист бр.48022 КО Бардовци при АКН – ЦКН Скопје со следните ознаки:

Лист Б: Податоци за земјиштето (катастарска парцела) и за правото на сопственост:
- КП.бр.1122, дел 4, викано место/ улица: Ул.14 бр.88, Катастарска култура зпз 1, во површина од 123 м2,
- КП.бр.1122 дел 4, викано место/ улица: Ул.14 бр.88, Катастарска култура н, Катастарска класа 1, во површина од 382 м2,

Лист В: Податоци за згради, посебни делови од згради и други објекти и за правото на сопственост
- КП.бр.1122 дел 4, викано место/ улица: Ул.14 бр.88, број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат 1, број 1, намена на посебен/ заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 115 м2,
- КП.бр.1122 дел 4, викано место/ улица: Ул.14 бр.88, број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат 1, број 1, намена на посебен/ заеднички дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 27 м2,
- КП.бр.1122 дел 4, викано место/ улица: Ул.14 бр.88, број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/ заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 96 м2,
- КП.бр.1122 дел 4, викано место/ улица: Ул.14 бр.88, број на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат ПТКР, број 1, намена на посебен/ заеднички дел од зграда СТ, со внатрешна површина од 55 м2,

со запишано право на сопственост на должникот авалист Елена Димитрова од Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден **01.09.2023 година во 12:00 часот** во просториите на Извршител Игор Антевски на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада” бр.20-А/1-2 во Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Игор Антевски И.бр.117/2021 од 14.01.2022 година, а по предлог на доверителот за ова јавно наддавање изнесува **9.198.123,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености – заснована хипотека во корист на заложниот доверител Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Налог за извршување И.бр.117/2021 од 15.11.2021 год. на Извршител Игор Антевски од Скопје, Налог за пристапување кон извршување И.бр.583/21 од 14.04.2022 година на извршител Антончо Коштанов од Скопје, Налог за пристапување кон извршување И.бр.588/21 од 14.04.2022 година на извршител Антончо Коштанов од Скопје и Налог за

пристапување кон извршување И.бр.2061/2022 од 16.08.2022 година на Извршител Игор Антевски од Скопје. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста во износ од 919.813,00 денари.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.250-010402320-172 која се води кај Шпаркасе банка АД Скопје и даночен број 5080021510736.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Данокот на промет на недвижности и други трошоци во врска со пренос на правото на сопственост паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: Доверител Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје
Должник авалист Елена Димитрова
Заложен доверител УНИ Банка АД Скопје
Извршител Александар Максимовски за И.бр.583/21 и за И.бр.588/21
Доверител ФД ФИНАНСИСКИ КРЕДИТЕН ЦЕНТАР БС ДОО Скопје
Град Скопје - Сектор за финансии
УЈП – Регионална дирекција Скопје

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

X

**Правна поука:** Против овој Заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.